Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (``Сл.весник на РМ``бр.5/02), член 14 став 8 од Законот за јавни патишта (``Сл.весник на РМ``бр.84/08) и член 28 став 1 точка 12 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени``бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден _____________ .2010г. донесе

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови во општина Долнени за 2011 година

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува обемот на работа и средствата за изградба, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови во општина Долнени и воедно претставува основа за барање на финансиски средства од Буџетот на РМ и претпристапните фондови на ЕУ.

1. ПРИХОДИ

Средствата според намената се утврдуваат во следниот износ:
1.1. Наменски средства од Агенцијата за државни патишта
(приходи од Буџетот на Република Македонија) ------------------------ 3.300.000,00 ден.
1.2. Приходи од локална самоуправа -------------------------------------------- 1.100.000,00 ден.
------------------------------------------------------------------------

**ВКУПНО ПРИХОДИ -------------------- 4.400.000,00 ден.**

2. РАСХОДИ

2.1. Рехабилитација, одржување и заштита на
локални патишта, улици и мостови
(крпење со асфалт, тампонирање, чистење банкини
и канавки, поставување на пропусти) ----------------------------------- 800.000,00 ден.
2.2. Зимско одржување на локални патишта и улици -------------------- 300.000,00 ден.
2.3. Изградба и рехабилитација на локални патишта -------------------- 3.300.000,00 ден.

- Лажани – Дебреште (рехабилитација)
- Десово – ж.с.Браилово (тампонирање-асфалтирање)
- Дупјачани – Десово (асфалтирање-нов слој)
- Ропотово – Рилево (асфалтирање)
- Бело Поле – Кутлешево (асфалтирање)
- Костинци – Долгаец – Маргари (дотампонирање-асфалтирање)
- Бело Поле – Средорек (тампонирање-асфалтирање)
- Дупјачани – Горно Село (асфалтирање)
- Костинци – Сливје (асфалтирање)

- Црнилиште – Стровија (асфалтирање)
- Црнилиште – Гостиражни (тампонирање-асфалтирање)
- Долгаец – Црнилиште (тампонирање-асфалтирање)
- Црнилиште – ж.с.Слепче (тампонирање-асфалтирање)
- Вранче – Средорек (асфалтирање)
- Горно Село – раскрсница Манастир Трескавец (тампонирање-асфалтирање)
- Вранче – Подвис (Меѓуопштинска соработка со општина Кривогаштани)
- Заполжани – Славеј (тампонирање-асфалтирање – меѓуопштинска соработка со
- општина Кривогаштани)
- Житоше – Борино (тампонирање-асфалтирање – меѓуопштинска соработка со
- општина Крушево)
- РП Новоселани (одржување на банкини)
- Дупјачани – Небрегово (асфалтирање-нов слој)
- Реконструкција и одржување на улици во сите населени места во општина Долнени

----------------------------------------------------------------------------

**ВКУПНО РАСХОДИ ---------------------- 4.400.000,00 ден.**

За локалните патишта за кои нé постои проектно-техничка документација, истата да се изработи.

## 3. РЕАЛИЗАЦИЈА

Обемот на работите и динамиката на реализација на Програмата ќе зависи од висината на остварените приходи во рамките на оваа Програма.

Доколку се обезбедат финансиски средства по однос на Програмата од предпристапните фондови на ЕУ, владини и невладини институции, Светска Банка или Европска банка за обнова и развој, истите наменски ќе се искористат за реализација на Програмата со Одлука на Советот на општина Долнени.

Изборот на изведувачот/те за работи предвидени со оваа Програма, да се врши во согласност со Законот за јавни набавки на РМ.

Во изградба на локални патишта и улици месното население ќе учествува со сопствени средства преку месен самопридонес или работна рака во износ од 20% од вредноста на објектот.

Оваа Програма може да се изменува и дополнува доколку се јави потреба од дополнителна изградба, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови во општина Долнени, а ќе се применува од 01.01.2011г. до 31.12.2011г. и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Долнени.

Совет на општина Долнени
П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

Бр. ________________
________________ .2010г.
Долнени

_________________________
/Севгани Османоски/